РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАНКОВЦЕ
Бр. 08 - 524/1
07.04. 2020 год.
РАНКОВЦЕ

# ИЗВЕСТУВАЊЕ

**Заради првозаболен случај со Корона вирус на територијата на Општина Ранковце, Штабот за заштита и спасување на Општина Ранковце на ден 06.04.2020 година во 11:00 часот го одржа вториот состанок при што беа донесени следните препораки и превентивни мерки за заштита од Корона вирусот**

- Се препорачува на сопствениците на Маркетите и продавниците на територијата на Општина Ранковце да работат во две смени од по два часа и тоа два часа претпладне и два часа попладне. Времето на работа од по два часа претпладне и два часа попладне да си го распоредат самите сопственици зависно од препораките за заштита од Корона вирусот донесени од Министерството за здравство и воведениот полициски час од страна на Министерството за внатрешни работи.

- Се препорачува на Маркетите и продавниците на територијата на Општина Ранковце доколку се во можност по барање на потрошувачите да вршат достава на храна до домашна адреса

- Се препорачува на фирмите Трго Продукт – Радибуш, Босут – Ранковце, Еко Лајф Пелети – Гиновци, Алго Неметали – Петралица, Живинарска фарма – Псача и на останатите фирмите кои работат и опстојуваат на територијата на Општина Ранковце да престанат со работа се до завршувањето на вонредната состојба заради превентивно справување со вирусот.

- Се препорачува на Градежните фирми кои опстојуваат и работат на територијата на Општина Ранковце да престанат со работа се до завршувањето на вонредната состојба

- Повозрасната категорија на граѓани да го почитуваат полицискиот час, а дури и за време на полицискиот час да излегуваат од своите домови само доколку е тоа неопходно

- Сите спортски објекти на територијата на Општина Ранковце остануваат да бидат затворени

Scanned with CamScanner

Scanned with CamScanner

- Зелениот и сточниот пазар во Општина Ранковце остануваат да бидат затворени.

- ПО Ранковце да прават почести контроли на продавниците долж патот од село Псача до Ранковце и од Ранковце спрема Герман за да нема собирање на луѓе пред продавниците.

- ЈКП Чист Ден - Ранковце комуналниот отпад да го собира поредовно, водата за пиење да биде хлорирана навремено, редовно чистење и дезинфекција на јавните површини.

- Секој граѓанин е должен доколку има сознанија за граѓани вратени од странство во нашата Општина кои не ја почитуваат препораката за самоизолација од 14 дена да пријават до ПО Ранковце за да можат да превземат соодветни дејствија.

- ТППЕ Ранковце со помош на ЈКП Чист Ден Ранковце секојдневно да вршат перење на асфалтираните улици во сите села на територијата на Општина Ранковце.

- ЈКП Чист Ден Ранковце редовно да вршат дезинфекција на сите јавни површини на територијата на Општина Ранковце.

- Сите жители на Општина Ранковце да ги почитуваат сите мерки за заштита од Corona вирусот донесени од страна на Министерството за здравство и Владата на Република Северна Македонија.

- Да се почитува полицискиот час воведен од страна на Министерството за внатрешни работи.

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Ивица Тошевски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАНКОВЦЕ
РАНКОВЦЕ

Scanned with CamScanner

Scanned with CamScanner